**<u>Образец бр.1</u>**

**План за спроведување**
**на проценка на влијание на регулативата**

| | |
|---|---|
| Наслов на предлог законот: | Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за домување |
| Министерство: | Министерство за транспорт и врски |
| Лице за контакт/одговорно лице: | Љубиша Јовановски |
| Очекуван датум за усвојување на предлог законот: | Февруари, 2011 година |
| Поврзаност со ЕУ директиви | НЕМА |

**Дел 1: Почетна проценка на влијанието на регулативата и планирање на работата**
(забелешка: овој дел е јавен и ќе се објави во Единствениот електронскиот регистар на прописи)

<u>А. Почетна проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои се главните проблеми?

   Со оглед на тоа дека при примената на овој закон се констатираа одредени непрецизности и недоречености на одделни одредби, се укажа потребата од допрецизрање и доуредување на истите заради нивна целосна примена.

   Исто така со изменувањата и дополнувањата на законот се предлагаат нови одредби со кои се регулираат прашања кои со постојниот закон не беа целесно или доволно регулирани.

   Посуштински измени и дополнувања извршени се во одредбите од Главата XIII - Инспекциски надзор поради потребата од нивно усогласување со одредбите од Законот за инспекциски надзор.

2. Кои се можните решенија (опции)? Кои регулаторни или нерегулаторни мерки би можеле да се разгледаат?

Со Предлогот на законот  предложени се решенија со кои се регулира: прашањето за категоризација на станови и станбени згради, финансирањето на Регулаторната комисија за домување, постапката на инспекциски надзор која е целосно усогласена со Законот за инспекциски надзор, начин,услови и постапка за продажба и закуп на станови во сопственост на Република Македонија кои се користат од лица без соодветен акт за доделување и користење.

Имајќи ги во предвид мерките усвоени од страна на Владата на Република Македонија за унапредување на казнената политика со предлогот на законот предвидено е решение со кое се регулира прашањето на едукација на субјектите кои не се придржуваат на одредбите на законот за кои се предвидени прекршочни санкции. Ваквото решение има за цел да делува превентивно на субјектите кои не постапуваат или постапуваат спротивно на одредбите од законот.

Со предложените решенија во предлогот на законот се врши целосно усогласување со Законот за инспекциски надзор.

3. Кои се засегнатите страни кои ќе бидат вклучени во процесот на проценка на влијанието на регулативата?

Во процесот на влијанието на регулативата беа вклучени, Секретаријатот за законодавство, Министерство за финансии, Кабинетот на Заменик претседателот на Владата на Република  Македонија задолжен за економски прашања,Министерство за труд и социјална политика, Министерство за локална самоуправа, Агенција за катастар на недвижности, Централен регистар на Република Македонија, Регулаторна комисија за домување, Дирекција за заштита на лични податоци, Државно правобранителство на Република Македонија, Јавно претпријатие за стопанисување со станбен и деловен простор на Република Македонија, Заедница на единиците на локална самоуправа, Комисија за станбени прашања при Влада на Република Македонија, Министерството за правда и Државниот управен инспекторат при Министерството за правда.

<u>Б. Планирање на потребната работа за проценка на влијанието на регулативата</u>

1. Кои информации и податоци се веќе достапни?
   Писмени  сугестии и предлози од засегнатите страни и Законот за инспекциски надзор.

2. Кои дополнителни информации и податоци треба да се соберат?
   Нема дополнителни информации.

3. Кој тип и ниво на проценка е потребно (Иницијална или Комплетна проценка на влијание на регулативата - принцип на пропорционална анализа)?
   Иницијална проценка на регулативата.

4. Дали ќе се формира меѓуресорска работна група за спроведување на проценка на влијание на регулативата и кои институции ќе се вклучат?
   Не.

**Дел 2: Подетално планирање, вклучително со време и ресурси**
(забелешка: овој дел е за интерна употреба на Владата на Република Македонија)

В. Временска рамка

1. Кога ќе започнат активностите за проценка на влијанијата на регулативата?
   Активностите се започнат во 2010 година.

2. Ако се планира вклучување на надворешни консултанти (на пример за аналитички студии, собирање на информации, итн.), која е временската рамка предвидена за процесот на набавка и договарање?
   Не се вклучени надворешни консултанти.

3. Кога предлог законот и проценката на влијанието на регулативата ќе бидат поднесени до Генералниот секретаријат?
   Предлог законот ќе биде поднесен до Генералниот секретаријат во Валдата на Р.М. до крајот на јануари или почетокот на февруари 2011 година.

Г. Ресурси

1. Кои се планираните човечки и/или финансиски ресурси за спроведување на проценката на влијанието на регулативата и финализирање на предлог законот ?

Во проценката на влијанието на регулативата вклучени се претставници од Министерството за транспорт и врски и други државни органи и институции.